# НОВО СРЦЕ

Христијански Интернет Билтен ЈУБИЛЕЕН 100-ти број,  Дата: 19. 09. 2011.

## „НОВО СРЦЕ“ ПРОСЛАВУВА

**Ова е специјално издание на нашиот билтен, бидејќи стигнавме до 100-тиот број. Затоа сакаме, заедно со вас, да ја споделиме нашата радост, но и да направиме едно потсетување за кратката историја на билтенот.**

Идејата за „НОВО СРЦЕ“ се појави во 2009 година. При различни средби и разговори со наши пријатели, утврдивме дека има барем 20-тина луѓе кои имаат желба да прочитаат нешто интересно, кое е поврзано со христијанството, но истите не се спремни или не се во можност да посетуваат црковни богослужби. Имајќи во предвид дека живееме во време на интернет, одлучивме да започнеме со интернет билтен, кој би се состоил само од една страница, и би содржал забавни и поучни теми, кои негуваат христијански т.е. библиски вредности. Сакавме билтенот да биде освежување за оние кои го читаат, а не уште еден досаден мејл, кој би стоел непрочитан, или би отишол во “recycle bin”.

И така, **на 14-ти септември, 2009 год.** околу 30 луѓе (познаници и пријатели), на својата е-мејл адреса го добија првиот број на „НОВО СРЦЕ“, на тема:`Твојот нов живот`. Секој нареден број имаше за цел да обработува нова тема, со поучна приказна, сторија, цитат на познати личности и прикладен, библиски стих. Повремено имаше и загатки, со кои ве предизвикувавме да откликнете на нашиот билтен и да ни возвратите со одговор.

Како уредници на билтенот, од неговиот почеток па до денес, се вклучија неколку личности: Горан Илиев, Илија Камчев, Александар и Андријана Ѓоргиеви (брат и сестра), Елена Стоиманова, Катица Најдова...сепак некои од нив не останаа до крај.

Билтенот се покажа како интересен, па и други луѓе изјавија желба да го добиваат. Со рестењето на бројот на читателите, „НОВО СРЦЕ“ имаше потреба да се појави и на „Facebook” и да создаде своја веб страница. Денес билтенот брои над 1500 читатели, кои го добиваат секој понеделник. Некои од нив ни сугерираа дека е добро ако би можеле сите изданија да ги сместиме во една книга. На почеток, тоа беше само убава идеја, но Бог овозможи таа да се претвори во реалност.

Затоа, со радост можеме да ве информираме дека, по повод јубилејниот, 100-ти број, ќе излезе од печат книгата „НОВО СРЦЕ“, која ќе ги содржи досегашните изданија на билтенот, збогатена со прекрасни слики и илустрации. Промоцијата ќе се одржи во Неготино, а за датумот и местото,  дополнително ќе ве известиме.

**Доколку и вие сте еден од нашите задоволни читатели, за вас имаме еден предизвик:**

**За првите 10 читатели кои ќе ни испратат барем три е-мејл адреси, со кои ќе препорачаат нивни, полнолетни пријатели (со нивно име и презиме), бесплатно ќе им ја испратиме книгата „Ново Срце“.**

**Останатите ќе мора да ја почекаат промоцијата, за да можат да си ја набават.**




По овој број, ќе направиме мала пауза со издавањето на билтенот. Следното издание ќе се појави по промоцијата на книгата. Се надеваме дека ќе се видиме таму.

**-Од уредниците.**